

Екоамнезија

Анета Стојковска

Светот уште еднаш ни удри шлаканица за освестување рангирајќи не дури на 73. место на листата на еколошки здрави држави. Всушност, не потсети на тоа што сите го знаеме, секојдневно...
Анета Стојковска

Светот уште еднаш ни удри шлаканица за освестување рангирајќи не дури на 73. место на листата на еколошки здрави држави. Всушност, не потсети на тоа што сите го знаеме, секојдневно го чувствуваме и го гледаме, ама пред кое државата упорно ги затвора очите. И ништо не презема.
Македонија е загадена земја. Најзагадена во регионов. Можеме да се тешиме само со Босна, која на листата се најде многу подолу од нас. И да се засрамиме што се сите други многу пред нас.
А, не дека кај нас нема институции во чијшто опис на работата стои дека се задолжени да се грижат за здравата околина. Имаме ние Министерство за животна средина и за просторно планирање и надлежен министер. Знае ли некој во државата како изгледа тој? Се сеќава ли како се вика? Или што е тоа што го направило последно ова министерство за доброто на сите што живееме во државава. Им предлагам на агенциите за истражување на јавното мислење да спроведат анкета дали граѓаните знаат кој им е министер за екологија. Или Трендо да го постави ова прашање во тие што носат милионски суми за точен одговор во многу популарниот квиз.
Задолжен да раководи со ресорот животна средина е министерот Неџати Јакупи. Неговата слика можете да ја видите на веб-страницата на Владата. Тоа што го знаеме за него е дека неодамна му се роди син. Нека е жив и здрав. Но, и тој и сите наши деца живеат и растат во загадена средина, дишат нечист воздух, консумираат храна одгледана на затруена почва.
Големите загадувачи во државата си терaат по свое. Одвреме-навреме ќе се крене врева во јавноста и ќе се заборави работата. Проблемот со загадувањето од ОКТА не е стар и добро го паметиме. Што се случи со обврската да стави мерни станици и филтри на оџаците? Жителите на Ново Лисиче и тие што живеат во околината на „Усје“ постојано алармираат дека нешто страшно смрди во воздухот. Смрдеата сите ја

чувствуваат, освен надлежните, на кои, се чини, носовите им се затнуваат оној миг кога ќе дојдат на власт. Град Скопје се мачи како да им издаде интегрирани еколошки дозволи на фирмите во метрополата. До сега успеа тоа да го направи само за три. Другите ги чека да исполнат барем минимум услови за тоа. Тетово со месеци се дави во ѓубре. Таму е најочигледна ситуацијата, но и другите градови не се за машала. Реките се одамна загадени. Земјата е претворена во голема депонија.
Ќе дојде ли денот кога некој сериозно ќе се позанимава со нашата животна средина. Па да донесе некој закон што ќе биде наменет за вистинско решавање на проблемите со загадувањето на водите, почвата и на воздухот. При тоа не мислам на законите што се донесени за полесно полнење на буџетот. Или Законот за заштита од пушење со кој власта ни забрани да се труеме еден со друг. Сега се труеме на улица од издувните гасови на прастарите автобуси и на автомобилите. И секогаш кога ќе отвориме прозорец за да проветриме.
Затоа, министре Јакупи, крајно време е за акција!

превземено од весникот Врме